Агенција за супервизија
на капитално финансирано пензиско осигурување

# ИНСТРУКЦИЈА
# за содржина на Статут на пензиски фонд

Скопје, јуни 2005 година

Врз основа на Заклучокот бр. 02-128/7 од 09.06.2005 на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, а во согласност со член 47 став (1) точка к) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 29/2002, 85/2003 и 40/2004) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на ден 09.06.2005 година издаде:

**Инструкција за содржина на Статут на пензиски фонд**

1. Статутот на пензиски фонд треба да содржи:

а) Целосен регистриран назив на пензискиот фонд и скратен назив на пензискиот фонд, доколку има;

б) Седиште на пензискиот фонд кое се наоѓа во седиштето на друштвото за управување со пензискиот фонд (друштвото) кое управува со тој пензиски фонд;

в) Целосен назив, седиште и адреса на друштвото кое управува со тој пензиски фонд;

г) Назив на акционерите на друштвото, износ на акционерскиот капитал и број на акции на акционерите;

д) Претставување и застапување на пензискиот фонд од страна на друштвото;

ѓ) Начин на спроведување на постапка за поплаки од членови на пензиски фонд кој посебно го вклучува максималниот рок за преглед и решавање на поплаките, преку:
- Регистрирање на поплаката;
- Објективно разгледување на секое прашање содржано во поплаката;
- Информација за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во врска со било какви откриени нерегуларности при разгледување на поплаката;

е) Начин на вршење на внатрешната ревизија согласно закон:

ж) Информации за инвестирање кои вклучуваат:
- Податоци за основните принципи и посебните ограничувања при инвестирање, освен оние пропишани со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Законот),
- Спроведување на методите за избегнување на конфликт на интереси при инвестиционите активности на пензискиот фонд; правилата за објавување на информации поврзани со ситуации каде е можен конфликт на интереси и етичките (моралните) правила што ги користат менаџерите во инвестициониот процес;

з) Начин и постапка за спречување на изнесувањето на доверливи информации во врска со личните податоци на членовите на пензиските фондови и инвестиционите

одлуки на друштвата;

ѕ) Информации за надоместоците кои вклучуваат:
- Начин на пресметка на брокерските провизии директно поврзани со продажбата и купувањето на средствата на пензискиот фонд и нивното одбивање од индивидуалните сметки на членовите на пензискиот фонд;

- Начин на пресметка на надоместок од придонесите во вид на определен процент од уплатените придонеси, пред нивното претворање во сметководствени единици;

- Начин на пресметка на месечен надоместок во висина од 0,05% од вредноста на нето средствата на пензискиот фонд, за покривање на трошоците на друштвото, за управувањето со пензискиот фонд. Пресметката на надоместокот се врши на секој датум на процена на средствата на пензискиот фонд и се наплатува на последниот работен ден во месецот по процената;

- Начин на пресметка на надоместок од средствата на сметката на член на пензискиот фонд во случај на пренос на средствата во друг пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот фонд;

- Начин на проценка на нето вредноста на пензискиот фонд; и

- Начин на водење на сметководството на пензискиот фонд.

и) Начин на информирање на членовите на пензискиот фонд и дневниот весник во кој се објавува информативниот проспект на пензискиот фонд и местото каде може да се добијат финансиските извештаи.

2. Статутот го содржи начинот на информирање на членовите на пензискиот фонд за секоја измена или дополнување на Статутот на пензискиот фонд.

Бр._02-128/7________

09 јуни 2005 година

С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,

Александар Генчов, с.р.